***м-р Ленче Насев***

# БИТОЛА И МУЗИЧКИТЕ ВРСКИ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА

## Вовед

Во овој труд ќе се обидеме на направиме краток осврт во однос на поврзаноста на македонската и српската музичка уметност и култура во минатото и сегашноста со главен акцент на градот Битола. Ќе стане збор за српските музички дејци кои во своето творештво црпеле инспирација од убавите битолски песни; за битолските хорски состави од првата половина на 20. век раководени од српски композитори и диригенти; за битолските музичари кои својот образовен пат го продолжиле во Белград, во потрага по нови знаења и искуства; за гостувањето на српските музички виртуози на интернационалниот фестивал Интерфест Битола. Целта на трудот е да се прикаже континуитетот на меѓусебното надополнување и испреплетување на двете култури во минатото и денес преку музиката која не познава граници.

## 1.Македонските песни од Битола во делата на српските композитори

Дека убавата македонска народна песна била вистинско откритие и привлечна сила за српските композитори сведочи фактот што таа во минатото претставувала инспирација за создавање на значајни дела. Во овој дел од трудот ќе ги опфатиме само оние српски композитори од втората половина на 19.в. и првата половина од 20. век, кои во своето творештво ги вклучиле битолските народни песни.

Српскиот композитор **Јосиф Маринковиќ** (Врањево, 11.10.1851.-Белград,13.5.1931.) своето музичко знаење го стекнува во учителската школа во Сомбор, кај наставникот Блажек, каде ги започнува своите први композиторски обиди. Во Прага, 1881. г. ја завршува оргуљската школа од каде продолжува во Виена да се усовршува. Во својот работен век го водел „Белградското пеачко друштво“ (1881.-1886.), академското пеачко друштво „Обилиќ“ (1889.-1900.), бил наставник по музика во Богословијата, учителската школа и II-та машка гимназија во Белград (1881.-1924.). Во опусот на српскиот композитор Јосиф Маринковиќ, меѓу хорските композиции се издвојуваат неговите единаесет „Кола“. Тие се напишани како посебна форма на потпури и се засновани на обработка на народни песни кои се јавуваат како стилизиран музички фолклор. Во рамките на композицијата „Седмо коло“, композиторот вклучува и песни од Битола. Меѓу песните кои се јавуват како составен дел од оваа композиција се: „Ајде ко ти купи коланчето“; „Ајде де, што ми е мило, ле мајко“; „Дафино вино црвено“; „Битоља, гинам аман“; „Јано Малешевко“; „Битољ стана“; „Елен ми пеје“ и „Пошла Румена“.

Ова дело прв пат било изведено на 16. ноември 1890. година со хорот „Обилиќ“ во Белград.

На сличен начин македонските песни ги овековечил и големиот српски композитор **Стефан Стојановиќ Мокрањац** (Неготин, 09.01.1856.-Скопје, 18.09.1914.). Овој композитор првите контакти со музиката ги имал уште од најраното детство во кругот на неговото семејство во кое се негувала народната песна. Во гимназиските денови во Белград започнува да учи виолина и пеење. Исто така тој е активен член на хорот „Белградско пеачко друштво“. Во тоа време започнува да ги пишува и своите самоуки композиции. Бидејќи се истакнувал со својата музикалност Белградското пеачко друштво го испраќа на музичко усовршување во Минхен. Таму на конзерваториумот студира хармонија и композиција. Меѓу неговите музички и општествени активности може да се издвои заложбата (заедно со К. Станковиќ и С. Бинички), за основање на „Српската музичка школа“ во 1899. година, денешното Средно музичко училиште „Мокрањац“. Во неа тој бил професор по теоретските предмети и директор до 1913. г. Големината на овој композитор лежи во неговиот однос кон народната мелодија како материјал за создавање на индивидуално уметничко творештво. Напишано во рапсодична форма како најзначајно негово вокално дело, се петнаесетте Руковети (Ракатки) составени од разнородни песни од разни краеви од Југославија. Меѓу нив ќе ги издвоиме оние кои композиторот ги гради врз основа на македонските народни песни: VII-та (1894.) - „Из старе Србије и Македоније“ („*Море, извор вода извирала*“,„*Ајде, ко ти купи куланчето*“, „*Што ли ми је*“, „*Посеја дедо*“ и „*Варај Данке*“ ) , X-тата (1901.) -„Песме из Охрида“, ( „*Биљана платно белеше“, „До три ми пушке пукнале, „Динка двори мете*“, „*Пушчи ме*“,„*Никнало цвекје шарено*“) и XV-тата (1909.) - „Песме из Македоније“ („*Марије, бела Марије*“, „*Обасјала месечина*“ , „*Бог да га убије, мамо*“, „*Прошета, мајко, девет годину*“ , „*Сејала Динка босиљак*“).

Меѓу српските композитори кој во својот опус го вклучува македонскиот фолклор е и **Владимир Ѓорѓевиќ** (Брестовац код Зајечара, 1.12.1869.-Белград, 22.06.1938.). По завршувањето на учителската школа овој фолклорист, музички педагог и композитор, студира музика во Виена и Прага. Работел како наставник во Ваљево, Врање, Јагодина, Ниш, Зајечар и во Музичката школа „Станковиќ“ во Белград. Своите дела ги создавал врз основа на народниот мелос кој го збогатувал со едноставна класична хармонизација. Заедно со Мокрањац, тој се смета за еден од најзначајните српски мелографи и фолклористи. Во неговата збирка „Народне игре за гудачки оркестар“ (Белград, 1934.), Ѓорѓевиќ вклучил некои македонски народни песни и игри: „Из бање“, и „Битољка“, кои ги напишал за следниот изведувачки состав: флејта, виолина (I и II), виола, виолончело, контрабас, барабан, тапан и тасови.

**Љубомир Бошњаковиќ** (1891.-1987.) е композитор и диригент кој по завршувањето на Музичката школа во Белград студиите по музика ги продолжува во Виена и Берлин, а потоа дипломира во Неапол. Работи како наставник по музика во Скопје и Алексинац. По завршувањето на Втората светска војна работи како воен диригент. Неговите композиции се темелат врз народни мотиви кои ги хармонизира со едноставна класична хармонизација. Во збирката „Песме из Јужне Србије“, за женски хор, (1931.) I, II и III сплет се напишани врз основа на „Песме из Битоља“. Од оркестарските рапсодии кои се темелат врз македонскиот фолклор се издвојуваат: „Охридска рапсодија“ и „Преспанска рапсодија“.

Одовде можеме да забележиме дека српските композитори уште во минатото ја препознале непроценливата убавина на македонската народна песна како неисцрпна инспирација која ја овековечиле во нивното творештво .

**2. „Абрашевиќ“ во Битола**

Работничките културно-уметнички друштва наречени според првиот српски пролетерски поет Коста Абрашевиќ (1879.-1898.), најпрво биле основани во Белград во 1905., а покасно и во Ниш, Јагодина, Ваљево, Крагујевац, Пирот, Чачак, Лесковац, Праќин, Шабац, Скопје, Куманово, Прилеп и Битола.

Главна задача пред музичарите во овие друштва била да се обедини работничката класа и нејзино општо описменување преку учество во хорски, драмски и рецитаторски секции, фолклорни групи. Хорските состави биле составени од млади луѓе кои се стремеле кон идејата за нов живот кој ќе дојде со победа над фашизмот. Од музичката литература во репертоарот на хоровите биле застапени хорски дела пред се со револуционерна содржина.

Еден од првите хорски раговодители на работничките пеачки друштва „Абрашевиќ“ и „Јединство“ бил Стеван Шијачки (1885.-1957.). Тој по завршувањето на Српската музичка школа во Белград работел како професор по музика и диригент во Белград, Загреб, Љубљана, Скопје, Битола и други градови. Хорот „Абрашевиќ“ во Битола работел од 1933.-1940. г., со два диригенти Калипсо Налча (дипломирана пијанистка) и со српскиот композитор и диригент Стеван Шијачки.

**3. Музичката наобразба на битолските композитори и музички уметници во Србија**

Во Р.Македонија во периодот од 1946. до 1950. година биле основани девет Нижи музички училишта и тоа во: Куманово, Битола, Прилеп, Велес, Штип, Тетово, Струмица, Кочани и Скопје. Овие училишта биле иницијатори и двигатели на музичкиот живот во своите средини. Нижото музичко училиште својата работа ја започнало во 1947. г. во рамките на зградата на Радио Битола. Подоцна во Битола (1962.) и Штип (1961.основано, а со настава започнало 1962.) биле формирани Средни музички училишта.

Меѓу истакнатите македонски композитори кои потекнуваат од Битола, а своето високо образование го продолжиле и заокружиле на Музичката академија во Белград ќе ги издвоиме: Михајло Николовски (Битола, 1934.-Скопје, 1994.), Славе Димитров (Битола, 1.6.1946-) и Кире Костов (Битола, 14.9.1949-).

**Михајло Николовски** претставува значаен македонски композитор и педагог кој дал голем придонес во развојот на музичко-педагошката дејност не само во Битола, туку и пошироко во рамките на поранешна Југославија. Во текот на студирањето на наставно - теоретскиот отсек во Белград, пособено забележителен е неговиот интерес кон композиторската дејност, кој го продлабочува преку приватните часови по композиција со српскиот композитор Милутин Раденковиќ. По дипломирањето во 1960. г. се вратил во Битола каде работел како наставник и директор во Средното музичко училиште. Николовски покрај тоа што се јавува како диригент на хорот „Стив Наумов", во родниот град, бил мошне активен и во организирањето на бројни манифестации. За постигнатите резултати и за композиторската работа добил поголем број награди и признанија меѓу кои е и „Октомвриска награда" на град Битола (1962.). Од 1973. г. па се до смртта бил професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде за својата педагошка дејност бил награден со „Повелба" за истакнат педагог од Сојузот на педагозите на поранешна Југославија.

**Славе Димитров** по завршувањето на Средното музичко образование во родниот град Битола, образованието го продолжува на Музичката академија во Белград. Тој своите композиторски знаења ги насочува кон забавната музика и за прв пат дебитира на фестивалот „Младина 66" во Суботица. Добитник е на голем број награди на музичките фестивали и манифестации на забавна музика. За особени заслуги во унапредувањето на естрадната дејност на СФРЈ ја добива „Наградата на Сојузот на естрадните работници на Југославија". Напишал голем број на забавни песни меѓу кои се:„Чија се", „Битола", Спроти недела", „Дали да ти пријдам" и други.

По завршувањето на Средното музичко училиште во Битола, Кире Костов, трубач и композитор, продолжува да студира на Музичката академија во Белград, а подоцна и на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Од 1966. до 1968. година бил член на Биг-Бенд оркестарот што се формирал во Битола. Подоцна работи во Скопје. Како претставник од Југославија свири со европскиот Олд Стар Биг Бенд. Напишал голем број на композиции од индтрументалната џез музика за танцов оркестар, забавни и детски песни, музика за ТВ серии, како и музика за драмски претстави.

Меѓу македонските музички уметници - интерпретатори кои своето музичко образование го продолжуваат во Белград, ќе ја издвоиме пијанистката **Милица Шперовиќ – Рибарски** (Битола, 1939.). Музичката наобразба ја започнува во

Основното музичко училиште, кај педагогот Марика Јевтиќ. По завршувањето на средното образование во Скопје во класите на Недељка Мишиќ и Нада Органџиева, својот пат на школување го продолжува на Музичката академија во Белград на Одделот по пијано кај професорот Властимир Шкарка.

По дипломирањето се враќа во родниот град каде како педагог започнува да работи во Средното музичко училиште (1963. - 1968.). Од 1968. г. продолжува да работи во Средното музичко училиште во Скопје, а од 1975. година, па до своето пензионирање работи како редовен професор по предметот Пијано во рамките на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Покрај тоа уметничко - педагошка дејност, Милица Шперовиќ-Рибарски учествува во формирањето и дејствувањето на повеќе организации во нашата музичка средина. Од 1963. г. таа е еден од основачите, како и прв претседател на Музичката младина во Битола. Воедно Шперовиќ е и потпреседател на Музичката младина на Македонија.

Нејзиното професионално усовршување продолжува во Париз, Франција, каде што специјализира пијано во текот на една академска година (1969./70.) во класите на реномираните пијанисти и педагози Владо Перлемутер и Алдо Чиколни. Постдипломските студии ги завршува во 1975. година на Факултетот за музичка уметност во Белград, под менторство на проф. Олга Михајловиќ и на тој начин станува првиот магистер по пијано во Македонија. Како резултат на значајните достигнувања во областа на педагогијата, Шперовиќ е добитник на Наградата на Заедницата за образование за исклучителни педагошки резултати во 1973. година. Во 2008. година, доделена и е Статуетка на „Мајка Тереза” за нејзините настапи во добротворни цели (Ислам,2011).

Милица Шперовиќ-Рибарски исто така е иницијатор, основач и прв директор Интернационалниот фестивал на класична музика ИНТЕРФЕСТ - БИТОЛА. Овој фестивал е основан во 1992. година. и претставува едно од позначајните остварувања за македонската музичка култура и уметност меѓу фестивалите кои се одржуваат во Битола. Од 1994. Милица Шперовиќ-Рибарски е во улога на уметнички директор.

По повод двата јубилеи 10. и 20. години од постоењето на фестивалот на свеченото отварање на 2.10.2001 г. и 2.10.2011 г. организаторите се одлучуваат како солист да настапи врвниот српски виртуоз на виолина Стефан Миленковиќ (25.1.1977.).

**Заклучок**

Во овој труд се обидовме да прикажеме само мал дел од меѓусебното испреплетување и надополнување на музичките врски меѓу македонската и српската уметност и култура.

Се надеваме дека предложениов текст ќе го привлече вниманието не само на македонските, туку и на српските музиколози, етномузиколози, педагози,

студенти за понатамошни детални истражувања на музичките релации меѓу македонската и српската уметност и култура.

**Литература:**


Жабева-Папазова, Ј. (2004), Историјата на македонската пијанистичка уметност 1900-2002, Графопринт, Велес.

Ислам, А. (2011), Македонската пијанистичка уметност и педагогија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје.

Каракаш, Б. (1970), Музичките творци во Македонија, Македноска книга, Скопје

Коловски, М. (1993), Сојуз на композиторите на Македонија 1947-1992, Македониски композитори и музиколози, СОКОМ, Скопје.

Музичка енциклопедија,(MCMLVIII), Издање и наклада сексикографског завода ФНРЈ, Загреб.

Тодорчевска, Ј. (1979), Ма*кедонија во творештвото на српскиот музичар Владимир Ѓорѓевиќ (1869-1938),* Македонска музика 2, Реферати поднесени на седниците на музиколошката секција при струшка музичка есен 1977 и 1978 година, Струшка музичка есен, Скопје.